ТТК БАНКА АД Скопје
ул. „Народен Фронт“ бр. 19а
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
тел: 02/32 47 000 факс: 02/31 31 387

www.ttk.com.mk
е-пошта: ttk@ttk.com.mk
ЕМБС: 6121110 ЕДБ: 4030006597638
тр. с-ка: 290-1000000000-46

# КОМЕНТАР ЗА ОСТВАРЕНИТЕ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОДОТ 1.1.2023 – 30.6.2023 ГОДИНА

Во периодот од 1.1.2023 до 30.6.2023 година, ТТК Банка АД Скопје дејствуваше во насока на остварување на своите приоритетни цели и задачи дефинирани во Деловната политика и во Финансискиот план на Банката за 2023 година.

Во анализираниот период, во услови на изразена економска и енергетска криза, динамичен пазар и силна конкуренција, применувајќи го одржливиот, ефикасен и традиционален деловен модел, ТТК Банка АД Скопје генерираше позитивен финансиски резултат кој се темели на реализација на поставените стратегиски цели за ефикасно функционирање како основа за понатамошен контролиран раст.

Во ваков специфичен економско-социјален амбиент, преку приспособлива стратегија на работење и преку посебна интерна посветеност, ТТК Банка АД Скопје забележа позитивен финансиски резултат, темелен на здрава основа и во согласност со амбиентот. Заклучно со 30.6.2023 година, **финансискиот резултат изнесува 56,2 милиони денари, што претставува повисок резултат за 36,6 % во однос на истиот период минатата година**. Повисокиот финансиски резултат се должи, пред сè, на забрзаниот раст на оперативните приходи од 6,9 %, при контролиран раст на оперативните расходи од 0,7 %. Во истиот период, исправката на вредноста на финансиските средства на нето-основа изнесува 26,9 милиони денари.

ТТК Банка АД Скопје како активен, стабилен и етаблиран учесник на македонскиот финансиски пазар, на 18.5.2023 година, успешно го финализираше процесот на зголемување на основната главнина преку скрип емисија на нови акции по пат на приватна понуда и го зголеми својот почетен капитал (основна главнина) за износ од 57.698.000 денари.

Вкупниот капитал по извршената скрип емисија на 965.586 обични акции со номинална вредност од 1.000 денари изнесува 965.586.000 денари, со што дополнително се зајакна билансот на состојбата на Банката.

Сето ова ја одразува посветеноста на ТТК Банка АД Скопје за обезбедување иновативни решенија за своите акционери, за создавање дополнителна вредност за нив и посветеност да им обезбеди нови можности и придобивки од нивните инвестиции во Банката на долг рок.

## ▪ Известување за промени во сметководствените политики и методите на вреднување

Заклучно со 30.6.2023 година, нема промени во сметководствените политики и методите на вреднување.

## ▪ Финансиски остварувања на Банката

**Нето-приходите од камати** претставуваат основна компонента во формирањето на вкупните приходи од работењето на Банката. Остварените нето-приходи од камати во периодот од 1.1.2023 до 30.6.2023 година изнесуваат 145,8 милиони денари и во однос на планот се остварени со 100 %. Во однос на истиот период минатата година зголемени се за 26,9 мил. денари или 22,7 %.

**Нето-приходите од провизии и надоместоци за услуги** во тековниот период изнесуваат 86,4 милиони денари. Најголем придонес во генерирањето на приходите

од провизии имаат провизиите од домашниот платен промет, како и провизиите од картично работење, кои бележат пораст, во најголем дел, заради зголемените приходи од провизии од услугите реализирани преку проширената мрежа на банкомати и зголемениот обем на работењето со картичките. Во однос на планот за овој период, нето-приходите од провизии и надоместоци за услуги се остварени со 100 %.

**Нето-приходите од курсни разлики** изнесуваат 7,2 милиони денари и бележат годишен раст од 12,9 % како резултат на зголемениот обем на тргувања на девизниот и на менувачкиот пазар. Во однос на планот се остварени со 109 %.

**Останатите приходи од работењето** на Банката изнесуваат 27,2 милиони денари како резултат, пред сѐ, на реализирани приходи од капитална добивка од продажба на преземени средства. Во однос на планот истите се остварени со 64 %.

**Вкупните оперативни трошоци** во анализираниот период изнесуваат 179,4 милиони денари и се за 0,7 % повисоки во однос на истиот период минатата година, како резултат, во најголем дел, од повисоките трошоци за плати. Во однос на планот се остварени со 97 %.

Периодот на посилен раст на приходите на банката се искористи за јакнење на капацитетот за справување со идни кредитни загуби, со што **исправката на вредноста на финансиските средства и на посебната резерва за вонбилансна изложеност на нето-основа** изнесува 26,9 милиони денари и е повисока за 10,9 % во однос на 30.6.2022 година и таа соодветствува со обемот, структурата и квалитетот на пласманите на Банката.

Во текот на првото полугодие од 2023 година прокнижена е **загуба заради оштетување на нефинансиските средства** во износ од 4,9 милиони денари.

- **Исплатени дивиденди**

Во извештајниот период, на Седницата на Собранието на акционери на ТТК Банка АД Скопје беше донесена Одлуката за определување на износот на дивидендата и датумите на исплата на дивидендата, со којашто се определува исплата на дивиденда за 2022 година. Дивидендата за 2022 година се исплати во акции преку издавање акции по пат на приватна понуда наменета за акционерите, сразмерно на учеството на нивните акции во дотогашната основна главнина, а дел во пари (на трансакциските сметки на акционерите). Висината на бруто-дивиденда по акција изнесуваше 67,00 денари, односно 6,7 % од номиналната вредност на акциите.

- **Вложување или продажба на материјални средства (недвижности, постројки и опрема) или значителен отпис (поголем од 30 % од вредноста на средството споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи)**

**Материјалните средства** (недвижности, постројки и опрема) се повисоки за 14,7 % во однос на 31.12.2022 година, што главно се должи на инвестиции во недвижности.

- **Промени во кредитни задолжувања (намалувања или зголемувања поголеми од 30 % споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи)**

**Обврските по кредити** во однос на 31.12.2022 година бележат намалување за 40 %, главно како резултат на намалени обврски по основ на пазар на пари.

ТТК БАНКА АД Скопје
ул. „Народен Фронт“ бр. 19а
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
тел: 02/32 47 000 факс: 02/31 31 387

www.ttk.com.mk
е-пошта: ttk@ttk.com.mk
ЕМБС: 6121110 ЕДБ: 4030006597638
тр. с-ка: 290-1000000000-46

- **Очекувања за претстојниот период**

Затегнатите монетарни политики, потребни за справување со високата инфлација, војната во Украина, стресовите на финансискиот сектор и фрагментацијата на геоекономска основа, можат да имаат изразено неповолно влијание во тековната година. Централните банки и понатаму го задржуваат ставот за затегната монетарна политика за претстојниот период, што сигнализира дека каматните стапки ќе останат на повисоко ниво подолг временски период.

Народната банка на Република Северна Македонија, со последните макроекономски проекции, годинава очекува стабилизирање на растот и умерено забрзување на среден рок, како и постепено забавување на инфлацијата. Проектираниот економски раст за 2023 година изнесува 2,1 %, додека во наредните две години се очекува забрзување на растот при што тој би изнесувал 3,6 % и 4 %, во согласност со закрепнувањето на глобалната економска активност.

Сегашната клима сугерира дека и следниот период ќе биде предизвикувачки и затоа Банката и понатаму внимателно ќе ги анализира тековните макроекономски параметри, ќе ги следи мерките, активностите и предвидувањата на економските авторитети и на носителите на економските политики и на операторите, ќе ги усогласува интерните индикатори и ќе го приспособува нејзиното работење на пазарните услови, со фокус кон одржување на ликвидноста и долгорочната стабилност.

Банката ќе продолжи да дејствува проактивно, фокусирајќи се кон стабилно и профитабилно оперативно работење врз основа на реални и на предвидливи очекувања. Кредитната активност се очекува да продолжи да се реализира преку работата со населението и со малите и средни претпријатија, паралелно со севкупното закрепнување на економската активност и на зголемената побарувачка за кредити. Притоа, Банката ќе ги презема сите неопходни активности за одржување на квалитетот на портфолиото, конкурентност и развој на понудата на производи и услуги и изнаоѓање флексибилни решенија приспособени на потребите на клиентите.

Креирањето одржливи и ефикасни процеси, реализацијата на планираниот обем на активности предвидени со деловната политика, понудата на нови зелени кредитни производи приспособени на потребите на клиентите, натамошниот развој на дигитализација на процесите, приспособувањето на деловните процеси во согласност со барањата на новиот Закон за платежни услуги и платни системи, надградбата на производите и услугите достапни преку дигиталните канали и како и потпирањето на сопствените извори на финансирање и понатаму ќе претставуваат основа на деловната стратегија на Банката за 2023 година, при што и натаму депозитите од секторот население останувааат со доминантно учество во вкупните извори на средства.

Скопје, 31.7.2023 година

ТТК Банка АД Скопје